МКД
СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

Број:11- 4263/2
Датум: 31.05.2022
Скопје

# ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош врз основа на барањето на "Македонски Телеком" АД за електронски комуникации - Скопје,Сектор за фиксни пристапни мрежи, изврши увид на лице место на ул. "Женевска" на ден 17.05.2022 година.

Од увидот на лице место е констатирано дека постојат услови да се изврши ископ во тротоар од бекатон во должина од 41м,за поставување на две ПЕ црева ф40 и оптички комуникациски кабел.

Должината на трасата за прекоп изнесува 41 метри.

На име на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации согласно Одлуката бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката бр.09-3199/8 од 20.04.2022 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на норминирана цена за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за подлога од павер елементи да уплати износ од 5.806,00 денари со вклучено ДДВ.

На Инвеститорот – Изведувач дадени му се насоки за начинот на изведување на сите градежно земјани работи за положување на подземниот вод како и обезбедување на трасата за безбедност на минувачите со сите потребни означувања.Подлогата по положување на оптичките кабли да се врати во подобрена првобитна состојба , на тој начин што ископаниот материјал од ровот од бекатонска подлога да се транспортира до депонија, околу инсталациите да се постави ситен песок , останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви,да се постави ситен песок и да се пререди бекатонот по целата широчина на тротоарот.

По завршување на сите градежни работи околу изведувањето на оптичкиот подземен вод,Комисијата ќе изврши повторен увид на должината на трасата како и дали квалитетно се завршени работите и дали е подлогата вратена во првобитна состојба.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Наташа Иванова

Љубомир Тодевски

Тома Мандилоски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КАРПОШ СКОПЈЕ

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk*